**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-243/3**
**02.04.2026год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

## С О О П Ш Т Е Н И Е З А Ј А В Е Н П О В И К

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за Блок 5.3 и 5.6, општина Гевгелија (плански период 2025-2030) дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и јавна анкета за Изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за Блок 5.3 и 5.6, општина Гевгелија (плански период 2025-2030)**

Локацијата на планскиот опфат се наоѓа во градот Гевгелија, локација “Касарна”.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **4,193 ha**.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во Народен театар Гевгелија на ден 21.04.2026 година (вторник) со почеток во 12.00 часот.**

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласна табла во Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Гевгелија, на веб страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk, во Службен Гласник на Општина Гевгелија и на неколку локации во опфатот.

Јавната анкета ке трае 30 дена и тоа од 21.04.2026г. до 21.05.2026г.

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***